Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-250/3
28 02 2023 год.
СКОПЈЕ

Др Нешовски

Врз основа на член 110, став 1, а во врска со член 85, став 3 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021) и член 36 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на седницата одржана на 28.02.2023 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1. Се формира Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни), како посебна внатрешна организациона единица на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

2. Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни), како посебна внатрешна организациона единица на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ќе ја врши својата дејност согласно Правилата за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни).

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. По еден примерок од Одлуката да се достави до продеканите, раководителот на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни), секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, раководителот на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски